Врз основа на членовите 59 и 60 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/06 , 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14) Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, распишува

# ЈАВЕН КОНКУРС

## за јавно овластување на правни лица за вршење на стручна контрола над производството, постконтрола, испитување на сорти и лаборатории за испитување на квалитетот на семенски и саден материјал за земјоделски растенија и за земање и чување на референтните примероци од видови на сорти на земјоделски растенија – ген банка

1. Предмет на овој јавен конкурс е давање јавно овластување на:
   - 1.1. правни лица за вршење стручна контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал;
   - 1.2. правни лица за вршење постконтрола на видови на сорти од земјоделски растенија;
   - 1.3. правни лица за испитување на видови на сорти од земјоделски растенија;
   - 1.4. лаборатории за испитување на квалитетот на семенскиот и садниот материјал и
   - 1.5. лаборатории за земање и чување на референтните примероци од видови на сорти на земјоделски растенија - ген банка.

Согласно точката 1.1, право на учество на јавниот конкурс за стручната контрола на производството на семенски посеви и насади на саден материјал, има секое правно лице кое ги исполнува условите предвидени со Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/06 , 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14) и Правилникот за кадровските, просторните и техничките услови и начинот на работа на овластените правни лица за вршење на стручна контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал од видови и сорти од земјоделски растенија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/07).

Согласно точката 1.2, право на учество на јавниот конкурс за правни лица за вршење постконтрола на видови на сорти од земјоделски растенија, има секое правно лице кое ги исполнува условите предвидени со Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/06 , 89/08, 171/10,53/11,69/13,187/13 и 43/14) и Правилникот за начинот за земање на мостри и постапка за вршење на постконтрола и одредување на процентот на мострите кој се вклучува во постконтролата на одделни видови и сорти на земјоделски растенија ("Службен весник на Република Македонија" бр.107/07).

Согласно точката 1.3, право на учество на јавниот конкурс за правни лица за испитување на видови на сорти од земјоделски растенија, има секое правно лице кое ги исполнува условите предвидени со Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/06 , 89/08, 171/10,53/11,69/13,187/13 и 43/14) и Правилникот за постапките и методите за испитување на видови и сорти на земјоделски растенија и видовите и сортите на земјоделските растенија за кои не е потребно испитување на производна и употребна вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр.85/09).

Согласно точката 1.4, право на учество на јавниот конкурс за овластување на лаборатории, има секое правно лице кое ги исполнува условите предвидени со Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/06 , 89/08, 171/10, 53/11, 69/13,187/13 и 43/14) и Правилникот за начинот на работа, просторната и техничката опременост на овластените лаборатории и методи за испитување на квалитетот на семенскиот материјал кај земјоделските растенија ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/07.

Согласно точката 1.5, право на учество на јавниот конкурс за овластување на лаборатории, има секое правно лице кое ги исполнува условите предвидени со Законот за семенски и саден материјал за

земјоделски растенија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/06 , 89/08, 171/10, 53/11, 69/13,187/13 и 43/14), Правилникот за начинот на работа, просторната и техничката опременост на овластените лаборатории и методи за испитување на квалитетот на семенскиот материјал кај земјоделските растенија ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/07) и Правилникот за количините, условите и начинот на чување на рефернтните примероци од видови на сорти на земјоделски растенија, како и начинот на работа на Ген Банката ("Службен весник на Република Македонија" бр.144/11 и 151/13).

2. Заинтересираните правни лица треба да ги исполнуваат следните услови:

2.1 во однос на стручниот кадар правните лица треба да имаат вработено најмалку едно лице со завршено високо образование од земјоделски науки, со три години работно искуство во областа на селекцијата, семепроизводство и генетиката на земјоделските растенијата, а за точка 1.4 и 1.5 најмалку едно лице со завршен земјоделски факултет со соодветна насока, со работно искуство од најмалку три години во лабораторија;
2.2 во работен однос да има стручен работник, кој ги исполнува пропишаните услови за извршување на правни работи;
2.3 во работен однос да има доволен број на помошен кадар со техничко знаење и искуство, кое е потребно во поглед на видот или групата на растенијата кои се предмет на официјалното сертифицирање, како и во поглед на обемот на задачите предвидени во постапката за официјалното сертифицирање;
2.4 да е независен и непристрасен во однос на снабдувачите за кој ја врши постапката за официјално сертифицирање;
2.5 постапката за официјално сертифицирање и дејностите поврзани со таа постапка да се организационо, кадровски и етапно одделени од останатите дејности;
2.6 да не се занимава со дејност како снабдувач на семенски и саден материјал од земјоделски растенија;
2.7 да ја гарантира службената тајност и доверливост на податоците;
2.8 да има деловна просторија соодветна за вршење на работите на стручната контрола на производството на семенски посеви и насади на саден материјал од земјоделски растенија;
2.9 да е технички опремен согласно прописите за трговија со одделни култури за кој што аплицира ( житни, фуражни, градинарски, маслодајни и влакнодајни растенија, компир, тутун, винова лоза, овошни растенија, украсни растенија, градинарски растенија - расад );
2.10 за точките 1.2 и 1.3 да има обезбедено соодветно земјоделско земјиште за испутување на семенски и саден материјал на отворено или во заштитен простор и
2.11 за точките 1.4 и 1.5 лабораторијата да биде акредитирана.

3. Потребни документи за докажување на горенаведените услови се:

3.1 Решение за упис во Централен регистар на Република Македонија (не постар од 6 месеци);
3.2 Документ за регистрирана дејност образец ДРД издаден од Централен регистар на Република Македонија (не постар од 6 месеци) со кој се докажува соодветната дејност;
3.3 Уверение или диплома (копие заверено на нотар) за завршено високо/средно соодветно образование;
3.4 М1 / М2 Образец;
3.5 за точките 2.4, 2.5, 2.6 и 2.7 писмена изјава од заинтересираното лице (заверена на нотар);
3.6 Доказ за користење на деловна просторија (имотен лист или договор за закуп);
3.7 Спецификација на техничката опременост на правното лице;
3.8 За точките 1.2 и 1.3 доказ за користење на земјоделското земјиште (имотен лист или договор за закуп) и
3.9 За точките 1.4 и 1.5 доказ за акредитација (сертификат за акредитација издаден од Институт за акредитација на Република Македонија).

4. Јавниот конкурс трае 15 дена од денот на објавување во дневен печат.

5. Документите кои се поднесени по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, како и понудите кои не ги содржат сите потребни документи се отфрлаат како задоцнети односно некомплетни и истите ќе им бидат вратени.

6. Подетални информации може да добиете на тел. 02 3226 - 417.

7. Запечатување и обележување на понудите

7.1 Понудувачот го приложува оригиналниот примерок на понудата со целокупната документација, доставено по пошта или лично во архивата, во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на понудувачот. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на побарувачот;
- содржи назнака "*За јавен конкурс*" и
- во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај", за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата и се наведува бројот на точката на која конкурира заинтересираното лице.

7.2 Ако пликовите не се запечатени и обележани како што се бара, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не презема одговорност за нивно ненавремено и некомплетно пристигнување во неговата архива или за предвремено отворање на понудата.

8. Краен рок и место за поднесување на понудите е Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија –Управа за семе и саден материјал, со седиште на адреса: ул: "Аминта Трети ", бр.2 -1000 Скопје, Република Македонија, со назнака "За јавен конкурс ".

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**- Управа за семе и саден материјал -**
**Комисија за спроведување на постапка**
**за јавен конкурс**